# *СЕ РЕШИЈА, МИЛА МАМО*




*Се решија, се решија, мила мамо,*
*двете братученди за да ме одделе,*
*за да ме, за да ме мене одделе*
*за да ме одделе од првата севда.*

*Ме кладоја, ме кладоја, мила мамо,*
*книга да му пиша, книга оставена.*
*Во петоко, во петоко, мила мамо,*
*во петоко ја писа, саботата ја пушчи.*

*Неделата, неделата, мила мамо,*
*неделата ја виду од вода гредеше.*
*Јас му, мамо, јас му, мамо, проговори*
*јас му преговори, таја ми се расме.*

Ѓорѓи Доневски. Сокол ми лета високо. Скопје, 1978